**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-18**
**26.07.2024 година**
**Прилеп**

| **ООУ„Мите Богоевски“ Ресен** | |
|---|---|
| Конецен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | Од 11 до13.03.2024 година |
| **Број на извештај:** | 3/пелагониски/2024 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Антониела Стојаноска |
| **Вид на училиштето:** | основно училиште |
| **Број на ПУ** | 2 (две) |
| **Основач на училиштето:** | Општина Ресен |
| **Наставен јазик:** | македонски и турски јазик |
| **Број на ученици:** | 561 |
| **Полова структура на ученици:** | 278 машки и 283 женски |
| **Број на наставници:** | 48 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Љубица Ѓурѓевиќ |
| **Директор на училиштето:** | Ајфер Аџигора |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | Os 23 do 22.03.2019 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул,, 29 Ноември“213 Ресен |
| **Телефон:** | 047 451847 |
| **Факс:** | |
| **e-mail:** | mite_bogoevski@hotmail.com |
| **Оценка од ИЕ** | **3.17 добро** |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Сл.весник на РМ“ број 52/2005) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Сл. весник на РМ“ број 86/2006)

# РЕЗИМЕ

Врз основа на Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат (ДПИ) и Законот за Просветна инспекција од 11 до 13.03.2024 година, тим од (тројца) 3 државни просветни инспектори, спроведе интегрална евалуација во основното општинска училиште „Мите Богоевск ” од Ресен. Во текот на тридневната посета, државните просветни инспектори имаа средба со претставници од Училишниот одбор, Наставничкиот совет, Советот на родители и Училишната заедница. Се изврши посета во подрачните училишта и беа посетени наставни часови кај наставницикако во централното исто и во ПУ кои реализираа настава во деновите кога се спроведуваше интегралната евалуација.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи , посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира  дека работата во ООУ „Мите Богоевск ” од Ресен. е **3.17 добро.**

Наставниот процес во ООУ„Мите Богоевски“ - Ресен, се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од Националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во согласност со Календарот за организација и работата на основните училишта, донесен од Министерот за образование и наука. По наставните предмети Математика, Физика, Хемија и Биологија во седмо, осмо и дветто одделение, наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ, одобрени од Биро за развој на образованието.

Во училиштето има 5 ученици со посебни образовни потреби и тоа 4 со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ и еден ученик со наод и мислење од Завод за ментално здравје – Скопје.

Училиштето нуди три и повеќе изборни предмети и се  почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите.

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на  мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците и родителите. Има изготвено  програма, која  нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи.

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Училиштето планира и организира заеднички воннаставни активности и со партнер училиштето, со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во воннаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Изборот се врши преку изјаснување на учениците. Групите најчесто се хетерогени (од различни паралелки). Училиштето во воннаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Учениците и наставниците работат на проекти од различна природа. Постојат и голем број на примери за реализирани младински иницијативи кои учениците самостојно ги покренуваат, а добиваат поддршка од наставниците при нивната реализација. За афирмирање на воннаставните активности, училиштето користи, повеќе медиуми како и социјални мрежи,

веб страната на училиштето и веб страната на општината.Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер.

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи од страна на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, образовни периоди, паралелки, наставни предмети и по наставен јазик на кој се изведува наставата(македонски и турски јазик). За истите освен во пишана форма, се изготвени и презентации кои се презентираат на наставнички совет, совет на родители и УО.

Во училиштето се спроведува советување на родители од страна на психологот после секој одделенски совет за што се води уредна евиденција.

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од својот реон и ги опфаќа учениците од својот реон. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

Во училиштето во последните три учебни години има ученици кои ја повторувале годината, и тоа: 2021/22 три ученици од 7 одделение, 2022/23 шест ученици од кои 2 во 6 одд., 3 од 7 одд. и еден од 9 одделение.

Во училиштето постојат приоди за планирање на наставата и воннаставните активности, додатна , дополнителна настава односно кога сите наставници треба планирањата да ги предадат кај стручната служба.

Сите наставници изготвуваат годишни , тематски планирања и дневни подготовки, додека наставниците од I до VI одделение изготвуваат годишна програма , неделни планирања и сценарио за наставен час. Планирањата на наставници ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. Во дел од дневните планирања /сценарија недостига планирање на диференцијација во настава. За наставните предмети: математика и биологија од VII одделение до IX одделение како и хемија и физика во VIII одделение и IX одделение се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ.

Поголем број од наставниците се трудат да реализираат наставата интерактивно применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење, техники на оценување , но во училиштето преовладува традиционална настава..

Наставата се реализира на македонски и турски наставен јазик , но тоа не претставува бариера секој наставник да реализира настава во паралелка во која наставата се реализира на кој било наставен јазик. Наставата по физичко и здравствено образование се реализира со тандем наставници

Училиштето има процедура за следење на наставниот процес од страна на директорот и стручната служба. Најмалку по еднаш во полугодие сите наставници се посетуваат со претходно изготвен распоред и известување на наставниците.

Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно.

Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање повратна информација на родителите и учениците за оценката.

Наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот.

Училишниот простор е безбеден за изведување настава, истиот е осигуран од страна на и. Во училиштето осигурани се и учениците .Во училиштето, во случај на несреќни случаи, има три лица од вработените кои се обучени за давање прва помош на учениците, истите поседуваат сертификати и училиштето располага со пакет средства за прва помош. Училиштето има интерен акт - План за заштита и спасување - евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди. Во училиштето е изведена симулација.Во

централното училиште има 2 хидрантски приклучоци, кои не се во функција. Има 14 ПП апарати кои редовно се сервисираат.

Училиштето поседува Правилник и програма за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и за таа цел формирана е Комисија за превенција од насилно однесување. Во училиштето нема насилство, манифестирано од страна на возрасните и учениците.Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци, училиштето континуирано организира предавања.

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Училишниот простор е чист и се дезинфицира во текот на учебната година, согласно законските прописи.

Училиштето има програма за превенција за здравјето и редовно се држат предавања и работилници од страна на стручните соработници. За учениците, училиштето организира систематски прегледи, а за вработените санитарен и систематски лекарски преглед.

Во училиштето има ученици со хронично заболување. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман.

Професионалното ориентирање на учениците најчесто се врши од страна на педагогот и психологот и истите во својата програма имаат предвидено работа за професионална ориентација со учениците од деветите одделенија.

Училиштето во своето опкружување е препознатливо по својот наставен кадар, по постигањата на учениците во воннаставните активности, добрата клима и односи, добрата интеракција наставник-родител, како и успехот на учениците кој го задржуваат и во средно образование.

Училиштето е инклузивно, се грижи за здравјето на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот, ги поттикнува и ги вклучува поголемиот број од учениците и дел од родителите во училишниот живот.

Ученичката заедница е демократски формирана на сите нивоа. Учениците сметаат дека се вклучени во донесувањето одлуки за прашања што се од нивен непосреден интерес.

Претседателот на ученичката заедница и ученикот -правобранител по претходна покана присуствуваат на седниците на Наставнички совет, Училишен одбор и Совет на родители.

Најголемиот број од воспитно-образовниот кадар ги знае и ги почитува правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги знаат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.

Партнерскиот однос со родителите, со локалната и деловната заедница е добар.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и дидактички помагала е добра. Во библиотеката работи еден наставник по одделенска настава. Во училиштето е формирана библиотекарска секција и истата активно работи.

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Наставниците имаат Лична професионална програма и професионални досеја.

Училиштето има План за јавни набавки за 2024 година и има формирано Комисија за јавни набавки (Одлука арх.бр. 02-313/3 од 31.08.2023 год.).

Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РСМ, а остварува и сопствени приходи преку сметката за самофинансирање, од издавање на една училница.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештаи

Училишниот одбор (УО) е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, Членовите на УО се со легитимен мандат, но немаат поминато обука за својата работа. Претседател на УО е родител.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е на многу добро ниво.

Директорот на училиштето, како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа број 01-300/1 од 14.08.2023 година, истата усвоена од Советот на општина Ресен Одлука број 08-1740/2 од 05.09.2023 година.

Има формирано тим за меѓуетничка интеграција со Одлука број 01-300/1од 1408.2024 година. Партнер училишта за меѓуетничка интеграција е ООУ„Стив Наумов“ Битола,, и активности за МИО со ООУ„Гоце Делчев“ Ресен.Тимот има изработено Програма за работа кој е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето

Училиштето има изработено Самоевалуацијаза период од две години 2020-2022 број 02-391/1 од 17.11.2023 година и извештај за спроведената самоевалуација 03-383/1 од 13.11.2023 година , кој е доставен до Државниот испитен центар .

Училиштето има изготвено Програма за развој за период од чеитири години 2021-2025 број 01-33/1 од 31.01.2022 година,

Во училиштето формиран е инклузивен тим за работа со деца со посебни потреби со Решение број 02-330/1 од 12.10.2022 година кој има изработено Програма за работа година во склоп на Годишната програма за работа на училиштето. Во училиштето има пет деца со наод и мислење за функционална проценка од Стручно тело за функционална проценка Битола За секое дете со посебни образовни потреби има формирано инклузивен тим за детето.и тоа За овие деца училиштето во соработка со Ресурсен центар „Кочо Рацин“ Битола има обезбеденодва образовни асистенти. Со еден ученик со Посебни образовни потреби се работи со доставување на наставен матерјал и за нерги изработено модифицирана прпограма. За останатите 4 деца се изработува индувидуален образовен план.

Училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб 2ОУ Мите Богоевски Ресен“ даум на основање 15.02.2016 и запишан во Централен регистар со деловоден број 30120160000201.

ООУ „Мите Богоевски“ Ресен има Статут број 01-384/1 од 18.12.2019 година, за кој има согласност од МОН број УП1 18-13 од 14.01.2021 година.

## КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

Општинското основното училиште Мите Богоевски се наоѓа на ул. 29 Ноември бр. 213 и ги опфаќа учениците од југо-западниот дел на градот, од с.Јанковец, с.Болно, с.Козјак, с.Царев Двор, с.Дрмени, с.Лавци, с.Г.Б.Црква, с.Г.Дупени и с.Кривени.

Општинското основното училиште во Ресен почнало со работа во 1944 г. Објектот е од цврста градба, добро зачуван, функционален и ги задоволува потребите. Училиштето располага со четири згради, од кои две во централното училиште во Ресен и две згради се во функција на подрачните училишта во с. Болно и во с.Јанковец.

Училиштето располага со вкупен простор од 3005$m^2$ во Централното училиште што опфаќа училници, кабинети, канцеларии и спортска сала, и дворно место од 4681$m^2$. Во с. Јанковец покриениот училишен простор изнесува 550$m^2$ и има дворно место од 12680$m^2$. Во с.Болно покриениот училишен простор изнесува 125$m^2$ и има дворно место од 420$m^2$. Во училиштето во Ресен е инсталирано парно греење, ПУ. с.Јанковец греењето е со огревно дрво додека во ПУ. с.Болно греењето е со пелети.

Подрачното училиште во с. Јанковец е изградено во 1986 година по сите педагошки норми и критериуми. Во 2021 година со поддршка од Локалната самоуправа училиштето комплетно се реконструира, заменети се старите азбестни табли со нов покрив, заменета е целосната дограма (прозори, врати), се изврши стружење и лакирање на паркетот во сите училници и канцеларии, извршен е молерај на сите училници и фасада на училиштето, се санираа санитарните јазли и смарт табли и др .

Подрачното училиште с.Болно е изградено во 1927 година. Училиштето целосно Ги задоволува критериумите за одржување на воспитно образовниот процес бидејќи во 2021 година училиштето целосно се реконструира, кровот, нови врати и прозори, нови санитарни јазли, нов под, молерај, фасада, нова електрична инсталација, нови клупи, табли, смарт табла и др.

Дејноста на училиштето е верифицирана со Решение бр. 03-2841/1 од 17.06.1986 година, издадено од страна на Комитетот за општествени дејности при Собранието на општина Ресен.

Училиштето е регистрирано како основно училиште, запишано во Централниот регистар на РМ под дел.број 397/88 од 06.03.1988 година.

Учебната 2023/2024 година, училиштето работи со вкупно 561 ученици, кои се распоредени во 34 паралелки од прво до деветто одделение од кои 9 на турски наставен јазик , од кои една комбинирана во ПУ с. Болно Во централното училиште во Ресен има 27 чисти паралелки по три паралелки од прво до деветто оделение, пет во ПУ с. Јанковец и две во ПУ с, Болно.

Наставата се реализира на македонски и турски наставен јазик во една смена како во централното исто и во подрачните училишта..

Основното училиште „Мите Богоевски “ Ресен за реализација на наставата располага со 36 училници , 2 кабинети, 1 библиотека, 1 спортска сала и два спортски терени.Кабинетите се добро опремени , а училниците со по еден статичен компјутер , во дел има смарт табли . Во училишната зграда има сензорна соба за работа со деца со посебни образовни потреби.

Во ПУ с. Јанковец има пет училници каде настава реализират 46 ученици и еден спортски терен и една училница прилагодена за одржување на настава по ФЗО и во ПУ с. Болно 3 училници-две за одделенска настава и во третата се реализира настава од страна на предметни наставници вклучени во одделенска настава согласно Наставниот план каде настава реализираат 6 ученици.

Настават ја реализираат 48 наставници од кој еден одделенски наставник кој реализира настава на турски наставен јазик и наставните предмети по физика и географија на турски наставен јазик се застапени со несоодветен наставен кадар согласно Законот , од причина што на јавен оглас се нема пријавено соодветен наставен кадар.

Раководен орган на училиштето е Директорот Ајфер Аџигора која е одговорна за законитоста во работењето и материјално-финасиското работење на училиштето.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1. Реализација на наставните планови и програми

Наставниот процес во ООУ„Мите Богоевски“ - Ресен, се реализира согласно наставниот план за деветгодишно основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедува постигање на целите од Националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем, во согласност со Календарот за организација и работата на основните училишта, донесен од Министерот за образование и наука. По наставните предмети Математика, Физика, Хемија и Биологија во седмо, осмо и дветто одделение, наставата се реализира според адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ, одобрени од Биро за развој на образованието. Содржините во поголемиот број наставни програми, овозможуваат меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во паралелките од прво до шесто одделение, воспитно – образовната работа се остварува според Концепцијата за основно образование, донесена со Решение Бр.08-3980/1 од 03.03.2021 година, од Министерот за образование и наука.

Училиштето има воспоставено процедури да ги информира родителите, учениците и другите училишни тела, за целите и содржините на наставните планови и програми што се реализираат, вклучително и за програмите што се однесуваат за интегрирано образование. Информирањето го спроведува на почетокот на учебната година на првата родителска средба, преку изготвување на Брошура, преку веб страната на училиштето, а исто така ја посочуваат и веб страната на Биро за развој на образованието.

Во училиштето има 5 ученици со посебни образовни потреби и тоа 4 со добиена стручна проценка на функционалности според МКФ и еден ученик со наод и мислење од Завод за ментално здравје – Скопје. Согласно стручните проценки со 3 ученици се работи според ИОП, а со еден ученик со модифицирана програма. Со Одлука бр.02-330/1 од 12.10.2022 година, донесена од директорот на училиштето, согласно законската регулатива, формиран е Училиштен инклузивен тим, кој работи според изготвена програма, која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. За сите ученици со посебни образовни потреби постои Инклузивен тим за ученик, а родителите се дел од тимот и се вклучени во изработка на индивидуалниот образовен план (ИОП), со што се обезбедува нивна целосна информираност. Во однос на работата со децата со посебни образовни потреби, во училиштето е обезбедена стручна поддршка од специјален едукатор и рехабилитатор. Согласно со дидактичките упатства добиени од специјалниот едукатор и рехабилитатор и пропишаната процедура за изготвување на ИОП, дел од наставниците ги прилагодуваат целите од наставната програма според посебните образовни потреби на учениците, со цел да постигнат најмногу што можат. Два пати годишно инклузивниот тим за ученик прави ревидирање на поставените цели во индивидуалниот образовен план со очекуваните резултати, по потреба се врши корекција и за истото се изработува извештај. ООУ„Мите Богоевски“ - Ресен, има склучено Договор за соработка со Основното училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин“ - Битола, заведен со дел.бр.01-209/1 од 09.06.2023 година, со цел за обезбедување поддршка при имплементирање на инклузивното образование. За учебната 2023/2024 година, од страна на ресурсниот центар, изготвен е Годишен план за поддршка на училиштето. Оваа учебна година, училиштето до ОУРЦ „Кочо Рацин“ - Битола, навремено има доставено Барање со дел.бр.03-139/1 од 23.04.2023 година, за обезбедување на 2 образовни асистенти и истите училиштето ги има добиено.

Училиштето нуди три и повеќе изборни предмети според наставниот план за учениците од седмо до девтто одделение. Се врши анкетирање на крајот на секоја наставна година. На анктниот лист се нудат како избор три и повеќе изборни предмети, определени според кадарот со кој располага училиштето. Училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите. За учениците од четврто, петто и шесто одделение училиштето доставува предлог прашалник до родителите за нивно изјаснување во однос на изборните предмети врз основа на кој се составува предлог за изборни на наставни предмети.

## 1.2 Квалитетот на наставните планови и програми

Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебни помагала од аспект на мултикултурализам, родова и етничка рамноправност на иницијативи на наставниците и родителите. Во Годишната програма за работа, училиштето има изработено и Програма за меѓуетничка интеграција во образовниот систем. Во таа насока, потпишан е Меморандум за соработка со ООУ„Стив Наумов“ - Општина Битола, заведен со дел.бр. 03-413/1 од 09.12.2022 година и Меморандум за соработка со ООУ„Тошо Велков - Пепето“ - Општина Кавада, заведен со дел.бр.03-305/1 од 27.09.2022 година. Програмата нуди активности за запознавање со обичаите, културата и традицијата на другите народи. Училиштата тоа го постигнуваат преку меѓусебна реализација на заеднички активности.

Постојат примери на соодветно вградени особености на локалната средина, во поставените цели од наставните програми, наставните помагала, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Училиштето редовно се вклучува во разновидни акции, организирани од локалната заедница, хуманитарни акции, спортски натпревари, организирани посети на општината и слично.

Во училиштето има можности за интегриран пристап по одделни наставни предмети, при што истиот целосно е застапен во одделенска настава, а помалку застапен е по наставните предмети во предметна настава.

Училиштето, во сите наставни програми што се реализираат, има разработени насоки за вградување на меѓупредметни цели. Најголемиот дел од наставниците, насоките ги почитуваат и ги применуваат.

Училиштето на состаноците на формалните органи, дискутира за применуваните наставни планови и програми, во однос на нивната преобемност и прилагоденост на возраста на учениците и нивните развојни карактеристики, но до релевантните институции, нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

### 1.3.Вонаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците. Училиштето планира и организира заеднички вонаставни активности и со партнер училиштето, со цел обезбедување меѓуетничка интеграција во образованието и градење соживот. За реализација на заедничките активности со партнер училиштето ООУ„Стив Наумов“ – Општина Битола, за добивање на гранд, до МОН доставена е Апликација со Решение бр.03-410/1 од 01.12.2023 година, за унапредување на мултикултурализмот, инеркултурализмот, меѓуетмичка интеграција и толеранција. Покрај проектот за МИО, во ООУ„Мите Богоевски“ – Ресен, се реализираат и други проекти и тоа проектот „Со компостирање до здрава животна средина“, поддржан од Фонд за иновации за технолошки развој, за што училиштето, по реализираните активности има добиено Смарт табла и земјоделски алати, проектот„Виа Игнација“, поддржан од страна на МЦГО, при што училиштето има добиено наставни помагала во редност од 23.873,00 денари, проекот „Инклузивни општини преку квалитетно образование“, подржан од Фондација за образовни и културни иницијативи – Чекор по чекор, при што училиштето, по успешно спроведени работилници со родители на ученици со посебни образовни потреби, има добиено целосно опремена Сензорна соба.

Учениците се вклучуваат во вонаставните активности, според сопствен избор. Најголем дел од учениците се вклучени барем во една вонаставна активност. Во вонаставните активности, особено во секциите, опфатени се поголем број ученици

според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции. Изборот се врши преку изјаснување на учениците. Групите најчесто се хетерогени (од различни паралелки). Училиштето во воннаставните активности ги вклучува и учениците со посебни образовни потреби. Препораките на наставниците се клучни при планирањето на содржините и активностите. Понекогаш и учениците се вклучуваат со свои предлог содржини и активности во подготвување на програмите за работа на воннаставните активности. Наставниците најчесто ги земаат во предвид нивните предлози. Училиштето ги поттикнува учениците на младинско учество. Во таа насока реализирани се работилници со ученичкиот парламент со цел за запознавање со правата на детето.

Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално, државно и меѓународно ниво. Во учебната 2021/2022 година, учениците освоиле 13 награди на општински натпревари, 4 награди на регионални натпревари и 2 награди на државни натпревари, во учебната 2022/2023 година, учениците освоиле 7 награди на општински натпревари, 5 награди на регионални натпревари и 2 награди на државни натпревари. Во тековната учебна 2023/2024 година, учениците освоиле 12 награди на општински натпревари, а регионалните натпревари се организирани во претстојниот период.

Учениците и наставниците работат на проекти од различна природа. Постојат и голем број на примери за реализирани младински иницијативи кои учениците самостојно ги покренуваат, а добиваат поддршка од наставниците при нивната реализација. Во таа насока, учениците во соработка со учениците од другите училишта од Општина Ресен, имаат реализирано активности на локално ниво, на тема „Подигнување на еколошката свест кај учениците за животна средина“. Исто така, учениците имаат учествувано во хуманитарни акции, собирни акции за ученици од социјално загрозени семејства, во соработка со Црвен крст.

За афирмирање на воннаставните активности, училиштето користи, повеќе медиуми како и социјални мрежи, веб страната на училиштето и веб страната на општината.

Училиштето планира и реализира ученички екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. Согласно со донесената Годишната програма за работа на училиштето, за учебната 2023/2024 година, Програмата за екскурзии е доставена до Биро за развој на образованието, за што училиштето нема добиено повратен одговор.

За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето со Решение бр.30420160000201 од 13.03.2016 година, донесено од Централен регистар на РМ, има регистриран Училишен спортски клуб ОУ МИТЕ БОГОЕВСКИ Ресен. Во моментот на спроведување на интегралната евалуација, училишниот спортски клуб е активен и во него се застапени се четири спортски дисциплини – футсал, ракомет, џудо и шах.

# 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 2.1. Постигања на учениците

Училиштето прибира податоци и изготвува извештаи и анализи за постигањата на учениците. Се изготвуваат тримесечни, полугодишни и годишни извештаи од страна на стручната служба во кои се дадени податоци за постигањата на учениците според пол, образовни периоди, паралелки, наставни предмети и по наставен јазик на кој се изведува наставата(македонски и турски јазик). За истите освен во пишана форма, се изготвени и презентации кои се презентираат на наставнички совет, совет на родители и УО.

Во однос на запишани ученици во училиштето може да се констатира дека бројот на ученици од година во година се зголемува вкупниот број на ученици во 2020/21 година е 558, во 2021/22 година е 560 и во 2022/23 година бројот на запишани ученици е 573. Во оваа учебна 2023/24 година бројот на запишани ученици е 561.

Изготвените анализи покажуваат дека средниот успех на учениците за последните три учебни години изнесува: 4,29 за учебната 2020/2021 година , 4.26 за учебната 2021/2022 година и за учебната 2022/2023 средниот успех е 4,31.

Во училиштето се спроведува советување на родители од страна на психологот после секој одделенски совет за што се води уредна евиденција.

Учениците учествуваат на натпревари кои се организираат на општинско, регионално и државно ниво, како и организирани натпревари од училиштето, од интернационален карактер „Кенгур“ како и учество на мегународен натпревар во Брисел.

Во последните три години имаат учество и освоено награди на општински, регионални државни и тоа:

2020/21 година освоени награди по: англиски јазик, математика , Техничко образование

2021/22 година освоени награди по: хемија, биологија, математика, ФЗО и техничко образование

2022/23 година освоени награди по: математика , библиотекарство, биологија, англиски јазик , музичко образование(оркестар) и освоено прво место на државен натпревар „Европски квиз на пари“ и учество на мегународен натпревар во Брисел.

## 2.2. Задржување/ осипување на учениците

Училиштето има податоци за опфатот на учениците од својот реон и ги опфаќа учениците од својот реон. Постапката за премин на ученици од едно во друго училиште се почитува во целост.

Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците.

Во однос на изостаноци на учениците во учебна 2020/21 година направени се вкупно 4551, во учебна 2021/22 година направени се вкупно 12 546 изостаноци и во учебната 2022/2023 година направени се вкупно 8806 изостаноци.

Во однос на оценување по поведение во последните три години учениците во 2020/21 сите се оценети со Примерно поведение, во 2021/22 има три ученика со намалено поведение и тоа 2 со незадоволително во 8 одд. и еден со добро од 6 одд.,2022/23 сите ученици се оценети со примерно поведение.

## 2.3. Повторување на учениците

Во училиштето во последните три учебни години има ученици кои ја повторувале годината, и тоа: 2021/22 три ученици од 7 одделение, 2022/23 шест ученици од кои 2 во 6 одд., 3 од 7 одд. и еден од 9 одделение.

# 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

## 3.1. Планирање на наставниците

Во училиштето постојат приоди за планирање на наставата и вонннаставните активности, додатна , дополнителна настава односно кога сите наставници треба планирањата да ги предадат кај стручната служба.

Годишните и тематските планирањата на наставниците се доставуваат до стручната служба на почетокот на учебната година . Доставувањето на планирањата на наставниците е навремено , во електронска или пишана форма и истите се изготвени за период до крајот на наставната година. Континуирано се следат планирањата од стручната служба во училиштетето .

Сите наставници изготвуваат годишни , тематски планирања и дневни подготовки, додека наставниците од I до VI одделение изготвуваат годишна програма , неделни планирања и сценарио за наставен час. Планирањата на наставници ги содржат неопходните елементи за успешна организација и реализација на наставата. Во дел од дневните планирања /сценарија недостига планирање на диференцијација во настава. За наставните предмети: математика и биологија од VII одделение до IX одделение како и хемија и физика во VIII одделение и IX одделение се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим кој има изготвено програма за работа. Идентификувани се 5 ученици со посебни образовни потреби во учењето.Сите наставници кои реализираат настава во паралелки каде се вклучени децата со посебни образовни програми изготвуваат ИОП, а со еден ученик од одделенска настава се работи по модифицирана програма и се доставуваат наставни матерјали во домашни услови.

Исто така постои и тим за меѓуетничка интеграција кој изготвува и работи по сопствена програма.Постојат голе број реализирани активности од аспект на меѓуетничка интеграција како на ниво на училиште , така и со партнер училиштата

Во училиштето од страна на наставник се изработува распоред за настава и тоа за редовна, додека распоред за додатна , дополнителна настава и слободни ученички активности се изработени од страна на наставниците индувидуално и истите се истакната на видно место . Според изготвените распореди се реализираат сите наставни и воннаставни активности.

## 3.2. Наставен процес

Поголем број од наставниците се трудат да реализираат наставата интерактивно применувајќи различни наставни форми и методи, техники на учење, техники на оценување , но во училиштето преовладува традиционална настава. Тие се трудат да работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка.

Во училиштето нема доволен број интерактивни табли за реализацијата на настава по Концепцијата за образование, но наставниците се трудат да ги реализираат сите елементи од наставната програма иработувајќи матерјали самостојно или со помош на родителите. Наставниците се задоволни од начинот на реализација на наставата во училиштето, како и од работата на сите наставници. Наставата се реализира на македонски и турски наставен. Постпии взаемна соработка на наставниците и планирањата ги планираат и разменуваат искуство по стучни активи кои ги има пет во училиштето. Ова е пример за многудобро училиште во кое настава се реализира двојазично.

Наставата по физичко и здравствено образование се реализира со тандем наставници

Изборот на задачи и активности за време на часот кај поголемиот број на наставници е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат одобрени учебници кои ги нема по сите предмети но индувидуално се снајдуваат за да се реализира наставната програма..

Наставниците ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата. По сите наставни предмети постои работна дисциплина и атмосфера на часовите.

Наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош, соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол, националност и социјално потекло.

Приодот и однесувањето на наставниците кон учениците е добар. Учениците се вклучуваат во најразлични активности. До стручната служба нема пријавено приговор од страна на ученик или родител во однос на однесувањето на наставник.

Училиштето има процедура за следење на наставниот процес од страна на директорот и стручната служба. Најмалку по еднаш во полугодие сите наставници се посетуваат со претходно изготвен распоред и известување на наставниците. При посета на наставата се води уредна евиденција , во која се евидентираат сите активности на часот, се дава повратна информација на наставниците .

Дополнителната и додатната настава и слободните ученички активности се реализираат согласно планирањата, афинитетите и потребите на учениците, но сепак треба да се обрне поголемо внимание при реализација на истата која е законска обврска и нетреба да зависи од превоз и индувидуално мислење на наставникот.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна средина за учење.

Од разговорите со дел од учениците и Советот на родители се дојде до сознанија дека тие имаат можност за давање на иницијатива, согледување и решавање на заеднички проблеми, развивање и негување на другарски односи меѓу себе.

Од разгледување на прашалниците се дојде до сознанија од учениците дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен , дека се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество.

За време на наставните часови , наставници превземаат активности да ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници ги идентификуваат образовните потреби како и пречки во процесот на учење на учениците. Во училиштето учениците со посебни образовни потреби се вклучени во сите активности како во наставни исто и во вонставни активности.

Училиштето ги ангажира учениците во вонаставни активности, општествено корисна работа, а постои и учеството на општински, регионални и државни натпревари, учество на конкурси.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето, но не сите наставници имаат изработено сопствени критериуме за оценување кои се предаваат кај стручната служба во училиштето.

Во оценувањето на учениците се применуваат разновидни методи.

Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно.

Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие, и свидетелства на крајот на учебната година.

Наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот.

## 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 4.1 Севкупната грижа за учениците

Училишниот простор е безбеден за изведување настава, истиот е осигуран од страна на основачот преку ,,А.Д. ОСИГУРИТЕЛНА КОМПАНИЈА“ – Национална групација за осигурување - Скопје, за што училиштето поседува Полиса бр.08000082134, за

осигурување на имот од опасност од пожар и некои други опасности за трите училишни објекти и Полиса бр. 080000082133, за осигурување на компјутери и компјутерска опрема, исто така за трите училишни објекти. Во училиштето осигурани се и учениците за што училиштето поседува Полиса бр.010140000082/00, издадена од ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ А.Д. Скопје, за период од 20.12.2023 година до 19.12.2024 година и вработените со Полиса бр.010140000072 издадена од ЕУРОЛИНК ОСИГУРУВАЊЕ А.Д. Скопје, за период од 01.05.2023 година до 01.05.2024 година . Осигурувањето на учениците и вработените е на доброволна основа.Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата, во училишната зграда и во училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставува потенцијална опасност за повреди на учениците. Потенцијално опасните места во училиштето што не може да се избегнат во целост не се посебно означени, но од страна на наставниците, учениците се информирани за можните опасности и се свесни за нивното присуство.

Во училиштето, во случај на несреќни случаи, има три лица од вработените кои се обучени за давање прва помош на учениците, истите поседуваат сертификати и училиштето располага со пакет средства за прва помош. Училиштето има интерен акт - План за заштита и спасување - евакуација во случај на пожар и други елементарни непогоди. Во училиштето е изведена симулација.

Во централното училиште има 2 хидрантски приклучоци, кои не се во функција. Има 14 ПП апарати кои редовно се сервисираат, односно последното сервисирање на ПП апаратите е направено на ден 17.03.2023 година. Проверката за исправност на ПП апаратите е извршена од страна на фирмата ,,ВАТЕКС“ ДООЕЛ - Охрид. Во училиште нема функционална громобранова инсталација. Училиштето има инсталирана интернет мрежа и телофонска врска.

Училиштето има Протоколи како пишани документи (Куќен ред со дел.бр.03-271/1 од 02.09.2021 година и Кодекс на однесување со дел.бр.01-300/1 од 14.08.2023 година) во кои се дефинирани сите облици на однесување на учениците и возрасните. Протоколите доследно се применуваат и се почитуваат.

Училиштето поседува Правилник и програма за постапка за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување и за таа цел со Решение со дел.бр.02-313/4 од 31.08.2023 година, формирана е Комисија за превенција од насилно однесување. Во училиштето нема насилство, манифестирано од страна на возрасните и учениците. Редовно се одржуваат предавања и работилници за заштита на учениците од насилно однесување, работилници и предавања за сајбер насилство, позитивни и негативни последици од користење на интернет и социјални мрежи. Училиштето, активностите за заштита и безбедност на учениците ги координира со институциите. Учениците и родителите се информирани од страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство.Училиштето има политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични супстанци. Во училиштето не се пуши, наставниците не доаѓаат во алкохолизирана состојба, не консумираат алкохол и не се дистрибуираат и користат наркотични супстанци. За заштита на учениците од употреба на алкохол, цигари и наркотични супстанци, училиштето континуирано организира предавања.

Во училиштето нема организирана исхрана за учениците. Училиштето води кампања за здрава исхрана и за таа цел организира предавања и работилници на тема „Здрава храна“.

Училиштето има инклузивен тим и пропишани процедури за грижа за учениците со пречки во развојот. Инклузивниот тим на училиштето ја усогласува програмата според индивидуалните потреби на учениците. Училиштето соработува со родителите на учениците со посебни образовни потреби. Од страна на училиштето, до Основното училиште со ресурсен центар ,,Кочо Рацин'' – Битола, согласно проценките од МКФ,

навремено има доставено барање за обезбедување образовни асистенти и истите се обезбедени. Во училиштето има еден ученик со физичка попреченост кој работи по модифицирана програма во домашни услови. Пристапот во централното училиштето е приспособен на потребите на учениците со физичка попреченост само на приземје. Во двете подрачни училишта пристапот за потребите на учениците со физичка попреченост не приспособен. Во училишните објекти нема прилагодени тоалети за ученици со физичка попреченост.

Училиштето преку договорни процедури обезбедува материјални средства за учениците кои поради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во вонаставните активности што бараат вложување дополнителни средства. Во училиштето има 30 ученици од социјално загрозени семејства, од кои 6 се приматели на социјална помош и за нив училиштето, преку организирање хуманитарни собирни акции, во соработка со локалната заедница, родителите и други релевантни институции, по потреба обезбедува материјални средства.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училиштето е на добро ниво. Училишниот простор е чист и се дезинфицира во текот на учебната година, согласно законските прописи. Училиштето воспитно делува учениците да ја одржуваат личната хигиена. Училишниот двор е чист и делумно е холтикултурно уреден. Во дворот на училиштето, во секоја училница и во ходниците има корпи за отпадоци и училиштето воспитно делува учениците да ги фрлаат отпадоците во нив.

Училиштето постапува по препораките и насоките на санитарната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целиот училиштен простор, а последната е извршена на 26.01.2024 година од Служба за дезинфекција, дезинсекција и дератизација ,,ЛИСА – КОМ МС’’ - Кавадарци.

Училиштето има програма за превенција за здравјето и редовно се држат предавања и работилници од страна на стручните соработници. За учениците, училиштето организира систематски прегледи, а за вработените санитарен и систематски лекарски преглед. Превентивниот здравствен лекарски преглед (систематски) на вработените извршен е во месец Декември 2023 година во ПЗУ Медицина на трудот - Битола.

Во училиштето има ученици со хронично заболување. Училиштето има пропишани процедури за грижа за учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава. Процедурите се спроведуваат во практиката за сите ученици кои имаат потреба од таков третман. Притоа училиштето соработува со родителите и здравствените установи.

Секоја година се организира вакцинација, систематски прегледи и стоматолошки прегледи на учениците во согласност со Националната програма за здравствена заштита и за истото се води уредна евиденција. Грижата за здравјето на учениците е опфатена во Годишната програма за работа на училиштето.

Училиштето има пропишани процедури за навремено откривање и грижа на учениците со емоционални проблеми. Стручната служба е обучена да им помогне на учениците и родителите во вакви ситуации и ги упататува до релевантни институции (здравствени установи, Центар за социјална работа и други).

## 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

За можностите за понатамошно образование, училиштето на учениците им ги обезбедува сите потребни информации. Професионалното ориентирање на учениците

најчесто се врши од страна на педагогот и психологот и истите во својата програма имаат предвидено работа за професионална ориентација со учениците од деветите одделенија.

Од стручните соработници, по потреба се изготвуват промотивни материјали за мрежата на средните училишта, струките и профилите за занимањата, а се користат и промотивни материјали изготвени од средните училишта во градот и од средните училишта на соседните општини.

Советодавната помош на учениците, за избор на занимање и образовна институција се врши преку предавања, работилници и на посебно наменети часови за ученици од деветите одделенија на одделенскиот час.

Училиштето во периодот пред уписи, редовно е посетувано од средни училишта кои нудат информации за уписите, а учениците имаат можност да добијат и промотивен материјал. Училиштето има увид во однос на тоа каде учениците кои го завршиле основното образование, го продолжиле понатамошното образование.

## 4.4 Следење на напредокот на учениците

Наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој.

За постигањата на учениците, во училиштето постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раководители, предметните наставници и родителите.

Наставниците за својата паралелка подготвуваат извештаи и анализи, по квартали, врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Подготвените извештаи и анализи според паралелки им се доставуваат на увид на стручната служба и раководниот кадар. Извештаите се достапни за сите други наставници. Родителите и учениците се информираат на одделенскиот час, родителски средби и Советот на родители. Резултатите од анализите се користат за подобрување на воспитно - образовниот процес.

# 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

## 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

Училиштето во своето опкружување е препознатливо по својот наставен кадар, по постигањата на учениците во воннаставните активности, добрата клима и односи, добрата интеракција наставник-родител, како и успехот на учениците кој го задржуваат и во средно образование.

Училиштето е инклузивно, се грижи за здравјето на сите ученици, ги негува родовата еднаквост и мултикултурализмот, ги поттикнува и ги вклучува поголемиот број од учениците и дел од родителите во училишниот живот.

Во училиштето се видливи позитивните меѓучовечки односи. Постојат голем број примери на тимска работа, соработка и професионален однос кон работата.

Учениците и вработените во голема мера се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

Училиштето има кодекси на однесување за вработените, учениците и родителите, кои во 2021 и 2023 година биле обновени..

Училиштето има Правилник за изрекување на педагошки мерки. При прекршување на правилата пропишани со кодексите, за учениците се применува правилникот за изрекување на педагошки мерки.

Училиштето преку своите програмски документи и низа активности (предавања, работилници и др.) води политика на почитување на разликите по основ на етничка припадност, пол и верска определба.

Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето. Задоволни се од работна атмосфера која се обезбедува за време на наставата и воннаставните активности. Вработените многу се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците во училишниот простор, за време на одморите, за време на нивното доаѓање и заминување од училиштето. Најголемиот број наставници и ученици сметат дека учениците се однесуваат учтиво и соработуваат меѓусебно.

Најголемиот број од вработените се трудат да бидат позитивен пример за учениците и со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста. Стручните соработници и наставниците сметаат дека проблемите кои настанале со непочитување на правилата на однесување успешно ги надминуваат преку разговори и советувања на учениците и родителите и во последните три учебни години изречени се мал број педагошки мерки.

Ученичката заедница е демократски формирана на сите нивоа. Учениците сметаат дека се вклучени во донесувањето одлуки за прашања што се од нивен непосреден интерес.

Претседателот на ученичката заедница и ученикот -правобранител по претходна покана присуствуваат на седниците на Наставнички совет, Училишен одбор и Совет на родители. Работата на ученичката заедница и детето правобранител и остварувањето на нивните програми е помогната и менторски е поддржана од училиштето. Најголемиот број ученици сметаат дека навремено и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивен непосреден интерес и се вклучени во решавањето на проблемите и донесувањето одлуки во врска со тие работи.

Училишната клима и односи се многу добри.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето добро презема активности за да ги промовира постигањата на учениците. Најголемиот број наставници го користат пофалувањето како начин на мотивирање за поголеми постигања и тоа во одделението, на одделенските совети и на наставнички совет.

Промовирањето на постигањата на учениците во рамки на училиштето се врши со доделување на пофалници и награди на учениците што постигнале високи резултати на натпревари, според Правилник за пофалби и награди. Во училиштето на видни места се поставени пехари, награди, пофалници и други потврди на успесите на учениците и нивните наставници.

Надвор од училиштето, постигањата на учениците се промовираат преку училишната web страна (http://mitebogoevski.edu.mk) и преку фејсбук профилот на училиштето, како и преку учество на ученици на разни натпревари, конкурси, хуманитарни, културни акции и други воннаставни активности. Училишните постигања се објавуваат и на официјалната страна на општина Ресен.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Најголемиот број од воспитно-образовниот кадар ги знае и ги почитува правата на децата. Училиштето ги поттикнува учениците да ги знаат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување.

Најголемиот број ученици и родители сметаат дека вработените во училиштето правично и со почит се однесуваат кон сите ученици, независно од полот, етничката припадност, социјалното потекло и способностите на учениците.. Учениците се учат како да ги препознаваат и како да се справуваат со конкретни ситуации поврзани со дискриминација во рамките на училиштето и пошироко.

Училиштето преку своите активности кои се спроведуваат во рамките на МИМО проектот води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата и нивно заемно прифаќање. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници во татковината, без оглед на која етничка група ѝ припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. Училиштето планира и реализира заеднички вонннаставни активности со хетерогени групи од ученици од училиштето и ученици од партнер училиштата.

## 5.4. Партнерски однос со родителите со локалната и деловната заедница

Училиштето планира и презема активности со цел да вклучи што поголем број родители во воспитно-образовната работа на училиштето. Добар број родители се вклучуваат во работилници и во дел од вонннаставните активности. Соработката со најголемиот број родители училиштето ја остварува преку индивидуалните и групните родителски средби. Училиштето на законски начин ги избира претставниците на родителите во УО. Советот на родители е активен. Родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето. Училиштето организирало термини по даден распоред за средби на родителите со наставниците.

Училиштето активно е вклучено во животот на општината преку спроведување на многубројни заеднички активности во соработка со јавните установи во општината, како и проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата.

Соработката на училиштето со деловната заедница во насока на обезбедување на средства за подобрување на условите за работа на училиштето и за реализирање на воннастаните активности не ги задоволува потребите .

Партнерскиот однос со родителите, со локалната и деловната заедница е добар.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

ООУ„Мите Богоевски“ – Ресен во својот состав има 2 подрачни училишта и тоа во с.Болно и с.Јанковец .

Централното основното училиште има два објекти од цврста градба, со сите потребни простории за изведување на наставата.

Едната зграда е приклучена на електрична, водоводна и канализациона мрежа, додека другата зграда нема водоводна и каналиозациона мрежа.

Условите за изведување на наставата во централното училиште во едната училишна зграда делумно ги задоволуваат потребите во целост, како и просторно во другата училишна зграда каде квадратурата на мал број училници делумно ги задоволува потребите според бројот на учениците. Во подрачните училишта училишните згради просторно ги задоволуваат условите за изведување на наставата. Училиштето максимално ги користи расположивите капацитети за изведување на настава и воннаставни активности со што се труди да ги задоволи потребите на учениците, во училиштето постои добра искористеност на просторните капацитети.

Училишната зграда е изградена во 1944 година со вкупна површина од 3005 м2 за двете згради. Располага со 36 училници во чиј состав се 2 кабинети за : информатика и природни науки. Кабинетите се добро опремени со информатичка технологија и наставни средсва и дидактички помагала, а во училниците има по еден статичен компјутер, во мал дел има смарт табли но нивниот број делумно ги задоволуваат потребите за реализација на наставата по Новата концепција во основното образование во училиштето. Училиштето располага со добар број на нагледни средства и дидактички помагала. Училиштето има и Сензорна соба за работа со деца со посебни образовни потреби и истата ја користат и ученици со посебни образовни потреби од другите училишта.

Училиштето располага со библиотека, канцеларии за директор, секретар, две наставнички канцаларии,две канцаларии за стручна служба(педагог, психолог и специјален едукатор - рехабилитатор), помошни простории за техничкиот персонал(портирница), котлара, помошни подрумски простории и помошен објект во училишниот двор.

Училиштето се загрева со парно греење на нафта. Санитарните јазли кои ги има само во едната зграда кои ги користат вработените и учениците од двете згради не се реновирани, но истите се добро одржувани и хигиената во нив е добра.Училиштетео има добиено известување од МОН за реновирање на истите. Но, на училиштето му е одобрен и проектот за целосно реконструирање на двата училишни објекти во централното училиште од МОН (од капиталните проекти). Училишниот двор е со вкупна површина од 4681 м2 , хортикултурно е уреден, има една летна училница во предниот дел од дворот.

Училиштето има пристапна патека за лица со хендикеп на влезовите од двете училишни згради..

Спортските терени, кој ги има 2 за фудбал, кошарка и одбојка се со 1500 м2 истите се во добра кондиција од кои едното е со нова гумирана подлога. Училиштето се наога до локален пат, кој е добро обележан со сообракајна сигнализација.

Во училиштето има една спортска сала со површина 120 м2, истата е во состав на училишната зграда и е реновирана, но просторно делумно ги задоволува потребите за изведување на наставата по ФЗО според бројот на учениците во училиштето. За реализација на наставата по ФЗО е добро опремена со потребните реквизити, справи и сл.

Во состав на спортската сала има и две соблекувални за учениците кои се новонаправени со преадаптација на училници во кои хигиената е добра.

Санитарни јазли има само во едната училишна зграда во училиштето истите се стари но добро одржувани, во нив хигиената е добра, бројот на санитарните јазли делумно ги задоволуваат потребите на учениците и вработените, бидејќи ги има само во едната училишна зграда.

Просториите во училиштето се загреваат преку систем со топловодно греење на нафта.

Во оваа учебна година, во централното училиште настава посетуваат вкупно 509 ученици од I до IX одделение, распоредени во 27 паралелки.

Училишниот простор целосно ги исполнува условите за изведување настава во една смена.

Во последните три години во училиштето се реализирани неколку инфраструктурни проекти како што се: целосна реконструкција на двете подрачни училишни згради во с.Болно и с.Јанковец, нова гумирана подлога на едното спортско игралиште во училишниот двор, летна училница во предниот дел од дворот, целосно реновирање на спортската сала, реконструкција на просторот во кој е сместен кабинетот по Природни науки, реновирање на просторот во кој е сместена Сензорната соба, комплетно реновирани сите канцеларии на стручната служба, секретарот и канцеларијата на директорот, пренаменет и целосно реновиран простор од училници во соблекувални за потребите на наставата по ФЗО, во дел од училниците е променет подот, променети се три влезни врати (ПВЦ) на трите влеза во двете училишни згради во централното училиште. Училиштето има целосно одобрен проект за капитални инвестиции од МОН за целосна реконструкција на двете училишни згради во централното училиште, чија реализација се очекува да се изврши во текот на 2024 година, во училиштето најголем дел од светилките се заменети со ЛЕД, редовно тековно одржување на училниците.

Во подрачното училиште во с.Болно наставата се изведува во една зграда која е целосно реконструирана. Има три училници, канцеларија за наставници, една училница која е адаптирана за наставата по ФЗО и истата се користи и како училница за наставата по англиски јазик и природни науки и една помошна просторија . Тоалетите се во училиштето истите се целосно реновирани и условите во нив се добри, одржувањето на хигиената е добра. Нема спортски терен, наставата по ФЗО се реализира на тревната површина во училишниот двор, а во зима во училница која е пренаменета за потребите на наставата по ФЗО. Дворот е ограден. Во училиштето има еден противпожарен апарат (сервисиран). Училиштето се загрева со печки на пелети. Во оваа учебна година во училиштето има една комбинирана паралелка со ученици од четврто одделение со 3 ученици, и 1 ученик во петто одделение, и втората паралелка е второ одделение со 2 ученика или вкупно 6 ученици . Во училиштето условите делумно ги задоволуваат потребите за работа по Новата концепција во основното образование во делот на информатичката технологија. Има една смарт табла, два комјутери, печатар.

Во подрачното училиште во с.Јанковец наставата се изведува во една зграда која е реконструирана и тоа кровна конструкција, подови, дограма, зидови, истата е со два влеза. Во училиштето една училница користи ЈОУДГ „11 Септември“, пет училници, една училница која е адаптирана во спортска сала, канцеларија за наставници и две помошни простории. Тоалетите се во училишната зграда, има посебни тоалети за ученици и наставници.Истите не се реновирани но се добро одржувани и условите во нив ги задоволуваат потребите. Одржувањето на хигиената е добра. Во училишниот двор има спортски терен и во училишната зграда има училница која е пренаменета во спортска сала за реализација на наставата по ФЗО. Дворот е ограден и холтикултурно уреден со дрворед и тревна површина како и во долниот и горниот дел од дворот има простор со детски играчки и реквизити. Во училиштето нема пристапна рампа. Во училиштето има три противпожарни апарати (сервисирани). Училиштето се загрева со печки на дрва. Во

оваа учебна година во училиштето има пет паралелки од прво до петто одделение кои наставата ја изведуваат во една смена. Во прво одделение со 10 ученици , второ со 10 ученици, во трето одделение 8 ученици, во четврто одделени се 5 ученика и петто одделение се 13 ученици. Во училиштето во второ одделение има услови за потребите за работа по Новата концепција во основното образование во делот на информатичката технологија и технички помагала (смарт табла) , во останатите одделенија нема услови за работа по Новата концепција во основното образование во делот на информатичката технологија и техничките помагала. Во училиштето има една смарт табла, ЦД плеер,печатар, 6 лап топи, еден комјутер .

## 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и дидактички помагала е добра. Но во делот на информатичка технологија и технички помагала за реализација на наставата за Новата концепција во основното образование делумно ги задоволуваат потребите. Ова се однесува како на техничко-нагледните средства кои се потребни за работа во одделенска настава , така и во предметна настава за работа по Новата концепција во основното образование. Училиштето има комплетно опремен кабинет по природни науки, но во истиот нема вода. Училиштето за реализација на наставата по е добро опремено со потребните реквизити, справи и по музичко образование опременоста е добра (инструменти, синтисајзер,разглас опрема и др.), функционалноста на компјутерската опрема од 35 персонални компјутери и 17 десктоп компјутери , како и 11 лап топи е добра. Училиштето располага со: Бела метална табла 4, интерактивна табла 10, Видео проектор 12, ЛЦД проектор 3, таблет 77, мултифункционални печатачи 14 за реализација на воспитно–образовниот процес. Училишната библиотека располага со 4975 наслови од кои 2297 училишна лектира на македонски јазик , 1722 на турски јазик, 480 на англиски јазик и 126 лектирни изданија на француски јазик. Библиотеката располага со 230 наслови на стручна литература на македонски јазик и 120 на турски јазик. Во библиотечниот фонд на училиштето има едно списание на турски јазик кое е донација и се доставува еднаш на три месеци. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности.

Во библиотеката работи еден наставник по одделенска настава. Библиотекарот има изготвено Годишна програма за работа на библиотеката, која што е во состав на Годишната програма за работа на училиштето. Библиотечна евиденција се води во пишана форма и електронски. Задолжувањето на книги се врши во пишана форма (тетратка). Евиденцијата е целосна . Во училиштето е формирана библиотекарска секција и истата активно работи.

Библиотеката има работното време од 7.00 до 15.00 часот, се почитува во целост. Сместена е во добри просторни услови.

## 6.3 Обезбедување на наставен кадар

Училиштето во поголемиот дел има обезбедено соодветен наставен кадар за реализирање на воспитно-образовниот процес, освен за предметите одделенска настава на турски јазик (замена за директор), физика и географија. Наставниот процес во училиштето го реализираат 22 наставници во одделенска настава (од кои настава на македонски наставен јазик реализираат 17 наставници и 5 на турски наставен јазик), 26 наставници во предметна настава или вкупно 48 наставници (еден магистар, 44 со ВСС и 3 Виша школа). Од вкупно 48 наставника, 38 се вработени на неопределено работно време со полн фонд на часови и еден наставник на неопределено работно време со неполн фонд на часови , 9 наставници се вработени на определено работно време, од кои 7 се со полн фонд на часови , еден наставник на определено работно време со неполн фонд на часови и еден наставник кој е на определено работно време (Етика)

работи и во други училишта, 4 наставника кој се на неопределено работно време по предметите: турски јазик, информатика, физика и ликовно образование работат и во друго училиште поради дополнување на фондот на часови. Двајца наставници кои се на неопределено работно време надополнуваат фонд на часови од други училишта (математика). Во училиштето една наставничка по предметите Биологија и природни науки е на боледување, за наставничката има ангажирано несоодветен наставен кадар на замена истата е дипломиран инжинер по биологија со педагошка – психолошка и методска подготовка.Во училиштето мал дел од наставниот кадар не е соодветен во однос на образованието согласно Нормативот за наставен кадар, а мал дел не го познава јазикот и писмото на кој се изведува наставата (наставници кои се соодветни по Нормативот не го познаваат турскиот јазик и обратно) од причина што се работи за дефицитарен кадар. Во училиштето нема родова, етничка или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар. Наставниците се од македонска и турска етничката припадност.

Освен наставниците во воспитно-образовниот процес е вклучена и стручната служба: психолог, педагог, специјален едукатор и рехабилитатор и библиотекар. Во училиштето има два образовни асистенти.

Во админстративна служба вработени се: директор и секретар.

Помошен персонал има: ложач, 6 хигиеничари.

Во случај на пократко отсуство на наставник, училиштето врши замена со постојните наставници. За подолги отсуства се бара мислење од основачот и се вработува наставен кадар за замена.

## 6.4 Кадар и следење на развојните потреби на кадарот

Во училиштето има Програма за професионален развој на наставниците, се води грижа за идентификување на потребите за професионална надградба на наставниците. Наставниците имаат Лична професионална програма и професионални досеја.

Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на директорот, педагогот и психолог , увид во планирањата, и преку активностите на стручните активи. Во оваа учебна година има извршено посета на часови. Од страна на стручната служба извршен е увид во комплетирањето и припремите на годишните и тематско процесните планирања.

Во училиштето има стручни активи кои ги вклучуваат сите наставни предмети, редовно се состануваат и соработуваат особено во делот на изготвување на планирањата, унапредување на професионалниот развој, организирање на нагледни часови и сл.

Од разговорите со наставниците и посетените часови се констатира дека е евидентна потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности.

Директорот во рамките на можностите и планирањата обезбедува финансиска поддршка за професионалниот развој на наставниците, за учество на семинари и обуки.. Обуки наставниците посетуваат и на сопствен трошок или доколку истата е обезбедена од организаторот.

Следењето на развојните потреби на кадарот е добро.Наставниците од одделенска настава и предметните наставници кои реализираат настава во 6 одделение ја имаат следено обуката за новата Концепцијата за основно образование. Училиштето учествува во обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен.

Училиштето има план за дисеминација на знаењата стекнати од едукациите на наставниците.

Училиштето ја почитува законската регулатива за професионален развој на кадарот. Мал дел од наставниот кадар не ги има ажурирано портфолијата за професионален

развој и мал дел нема изготвени планови за Личен развој, со што на директорот му се укажува да се води поголема грижа при ажурирањето на портфолијата за професионален развој и изготвувањето на планови за Личен развој,

Училиштето има пропишано процедура за наставниците приправници за навремено определување на метори за реализација на приправничкиот стаж.

Во училиштето има еден наставник со звање наставник - ментор кој е наставник одделенска настава. Во училиштето има еден наставник приправник во одделенска настава чиј ментор е наставникот со звање ментор.

Училиштето ги идентификува потребите на наставниците за професионален развој. Во училиштето се работи според Програма за усовршување и професионален развој на наставниците и таа е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето..

Во училиштето се врши континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните компетенции во одделенска и предметна настава, се дава акцент на инклузивните процеси за работа со ученици со посебни образовни потреби.

Училиштето учествува во сите обуки и семинари кои го унапредуваат воспитно-образовниот процес, а има и евиденција за извршени дисеминации од страна на наставници кои посетувале обуки. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посета на часови од страна на стручната служба и директорот во текот на учебната година.

Стручната служба и директорот повремено го контролираат ажурираањето на портфолијата за професионален развој на наставниците.Училиштето има Тим за професионален развој, кој делумно ја извршува својата работа.

### 6.5 Управување, раководење со училиштето и финансиско работење

Управувањето, раководењето и финансиското работење во училиштето е во рамките на надлежностите кои ги имаат директорот и Училишниот одбор. Училиштето има донесено финансиски план за 2024 година. Училиштето има План за јавни набавки за 2024 година со дел. бр.05-4/1 од 03.01.2024 година. Во врска со јавните набавки, училиштето има формирано Комисија за јавни набавки (Одлука арх.бр. 02-313/3 од 31.08.2023 год.).

Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РСМ, а остварува и сопствени приходи преку сметката за самофинансирање, од издавање на една училница.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

## 7.Управување/раководење со училиштето и креирање на политика на училиштето

### 7.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор (УО) е орган на управување и е конституиран согласно законската регулатива. Училишниот одбор ги извршува своите законски обврски, презема конкретни чекори за идентификување на состојбите, поставување на приоритети и предлагање иницијативи и активности за подобрување на постигањата на учениците како и на целокупниот воспитно-образовен процес.

Членовите на УО се со легитимен мандат, но немаат поминато обука за својата работа. Претседател на УО е родител.

Состаноците на Училишниот одбор се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници. Училишниот одбор донесува одлуки, дава мислења, разгледува финансиски планови и извештаи. Работењето на училишниот одбор е транспарентно.

Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е на добро ниво.

Директорот на училиштето е Ајфер Аџигора именувана од страна на Градоначалникот на општина Ресен со Решение број 09-1417/2 од 10.07.2023 за период од четири години., Како раководен орган, има професионален однос кон работата и како приоритет на своето работење го става подобрувањето на условите за работа на училиштето, наставниот процес, дисциплината и постигањата на учениците. Работењето на раководниот орган е засновано на тимска работа и во таа насока донесува одговорни одлуки.

### 7.2. Цели и креирање на образовната политика

Целите и креирањето на училишната политика на училиштето се во согласност со државната и локалната образовна политика. Овие цели се зацртани во Програмата за развој на училиштето, како стратешки документ, донесен од страна на Училишниот одбор. Во училиштето овие цели се насочени на подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Во креирањето на училишните образовни политики активно се вклучени и родителите, преку формалните тела (Совет на родители, одборите на паралелките и на други начини).

Училиштето има изработено самоевалуација во која прецизно се забележани јаките страни во работењето, но и слабите страни, страните кои треба во иднина да се подобруваат.

Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата,и Извештај од Самоевалуацијата кој е доставен до Државниот испитен ценатар и исто така училиштето има донесено Програма за развој на училиштето. Во Програмата целите на развојната политика се прецизни, и јасно отсликани и сите опфатени, мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели се изготвени акциски планови со носители на активностите со временски рок по години и континуирано извршување.

## Наоди и препораки

### Јаки страни

- ✓ Тимска работа
- ✓ Добра училишна клима
- ✓ Управување и раководење во училиштето е на високо ниво
- ✓ Реконструкција на училишните згради во ПУ и други инфраструктрурни зафати
- ✓ Дисциплината на учениците е на многу високо ниво
- ✓ Остварена многу добра соработка на раководниот орган со сите структури и органи во училиштето;

- ✓ Промовирање на еднаквоста и правичноста и прифаќање и промовирање на мултикултурализмот самостојно и со разни активности со партнер училишта

### Слаби страни

- ✓ Членовите на Училишниот одбор немаат обука за нивните законски обврски
- ✓ Недоволен број на технички наставни средства и помагала за потребите за реализација на наставните планови и програми по Концепцијата за основно образование
- ✓ Недоволна примена на современи методи и техники при реализација на наставата
- ✓ Во подрачните училишта нема пристапни рампи
- ✓ Има два хидранти кои не се во функција и нема функционална громобранска инсталација

### Препораки

- ✓ Училиштето за членовите на Училишниот одбор да организира обука за нивните законски обврски
- ✓ Да се направат активности за набавка за технички наставни средства и помагала за потребите за реализација на наставните планови и програми по Концепцијата за основно образование
- ✓ Да се обезбеди поддршка на наставниците за поголема примена на современи методи и техники при реализација на наставата
- ✓ Да се превземат активности за обезбедување во подрачните училишта на пристапни рампи
- ✓ Да се превземат активности за ставање на двата хидрантии громобранска инсталација во функција .

| | |
|---|---|
| Антониела Стојаноска, Раководител на инспекцискиот тим | |
| Жаклина Наумовска, Инспектор | |
| Хермина Николовска, Инспектор | |